РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-540/2
09-09-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 22-та седница одржана на 27.08.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-540/1 од 29.01.2025 година, со изразено незадоволство од резултат на судска постапка и изнесени наводи за пристрасно постапување во текот на постапката пред Основниот суд -----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-540/1 од 29.01.2025 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител – ----------------------- од с.----------, на ден 29.01.2025 година, поднесена е пријава во која е изразено незадоволство од резултат на судска постапка и во која се изнесени наводи за пристрасно постапување во текот на таа постапка пред Основниот суд ---------- и оформен е предмет број 12-540/1 од 29.01.2025 година.

Во пријавата подносителот наведува дека против правните лица „----------" ДООЕЛ Струмица и „--------------------" ДООЕЛ Скопје поднел тужба по основ надомест на штета во вредност од 810.561 денари. Подносителот тужбата ја поднел бидејќи сметал дека од страна на тужените е направена штета на неговиот објект-куќа (пукнатини на внатрешни ѕидови и на фасада, оштетување на оџак, деформации на кров), како резултат на движењето на тешки товарни возила по селскиот пат којшто од куќата е оддалечен само шест метри, континуирано во подолг период за времетраењето на изградбата на пречистителна станица во близина на с. -

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

--------, за која изградба туженото правно лице „-----------" ДООЕЛ Струмица било ангажирано како изведувач на работите.
Според наведеното во пријавата, по првите рочишта, од страна на адвокатите на тужената страна, на подносителот му било понудено да се спогоди за помал износ од износот на штетата, за што на подносителот на пријавата му било укажано да го прифати и од страна на судијата -------------------, којшто побарал дел од износот на спогодбата која била понудена вон постапката.
Откако одбил, судската постапка била завршена со пресуда на Основниот суд ------------- (П4.бр.---------- од 24.06.2024 година) којашто не била во корист на подносителот на пријавата. Сметајќи дека во текот на постапката не биле соодветно земени предвид ниту наодите од вештачењето кое подносителот на пријавата го обезбедил, и имајќи предвид и други слабости на постапката, подносителот на пријавата се сомнева во постоење на пристрасност во судската постапка по предметот П4.бр.-------- на Основниот суд --------------.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган, по што оцени дека нема надлежност за постапување во предметниот случај.

Имајќи го предвид членот 36 од Законот за судскиот совет на Република Северна Македонија, каде во став 1 алинеја 5 е регулирано дека Советот е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите, и каде во став 1 алинеја 15 е регулирано дека Советот е надлежен да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, ДКСК предметот ќе го достави на надлежно постапување на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk